# Дневна хемеротека за *15.12.2015г.*

## МИА – [Во Тирана почетен состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен]

ВТОРНИК, 15 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:33:44

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

### Во Тирана почетен состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен

Препорачај 0

вторник, 15 декември 2015 10:20



**Охрид, 15 декември 2015 (МИА)** – Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементационата фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен што утре ќе се одржи во Тирана.

Проектот за Дримскиот басен што се реализира со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) стартува со имплементацијата на петте компоненти и тоа - консолидација на зедничкото знаење во Басенот – со цел заедничка анализа и мониторинг, изградба на основа за заедничко управување - изготвување на Стратешки план за басенот, институционално зајакнување со цел формирање заедничка Дримска комисија, демонстрација за технологии и практики преку пилот-проекти во басенот, како и инволвирање на јавноста во донесување на одлуките преку подигање на јавната свест.

- Почетокот на имплементација на проектот за Дримскиот басен доаѓа после многу работа и верба во визијата за нашиот регион. Меѓународните институции ја препознаа таа визија и го поддржаа проектот. Ова ќе биде најголем предизвик од сите досегашни процеси на кои сме работеле, но навикнати сме веќе да сме пионери во управувањето со водените ресурси во нашиот регионот, истакна Пановски во очи на состанокот во Тирана.

Тој додаде дека придобивките од имплементацијата на проектот се еколошка заштита во Басенот, размена на мониторинг-податоци од сите страни, мерки против поплави, заштита на екосистемот преку пилот-проекти, изготвување заеднички план за управување што ќе го подобри управувањето, посебно на Охридското Езеро како основа и промоција на Басенот како туристичка атракција.

Самиот Проект за Дримскиот басен е продолжение на веќе парафираните меѓународни договори и проекти како што се Охридската декларација за Дрим, на процесот „Дримски дијалог" започнат во 2009 година и Меморандумот од 2011 година за заедничка визија од страна на петте држави како рамка на целиот процес.

Во ГЕФ проектот за Дримскиот басен учествуваат Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово и Грција како партнер. Имплементациона агенција ќе биде УНДП, а носители на активностите се Министерствата надлежни за животна средина од сите инволвирани држави. Предвидено е во активностите на Проектот да учествуваат голем број на надлежни институции, локални самоуправи, невладин сектор и други субјекти. Проектот е предвидено да трае четири години, за чија реализација преку ГЕФ се обезбедени 5,5 милиони долари кои ќе се имплементираат преку надлежните министерства. **аб/мд/10:13**

## OhridNews - *Започнува имплементационата фаза од Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен*

Во среда на 16 ти Декември, со организирање на Почетниот состанок во Тирана , започнува имплементационата фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен ,финансиски поддржан од Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ).

## Спектра ТВ - *Започнува имплементација на проектот Дримски басен*

Во среда на 16 ти Декември 2015 со организирање на Почетниот состанок во Тирана , започнува имплементационата фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен ,финансики поддржан од Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ)

## МИА - Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци најзагадени

ВТОРНИК, 15 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:32:14

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци најзагадени

### Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци најзагадени

Препорачај 0

вторник, 15 декември 2015 08:38



**Скопје, 15 декември 2015 (МИА)** - Воздухот и денеска загаден во Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци. Концентрациите на ПМ10 измерени во текот на ноќта на мерните станици во овие градови се движат од 264 до 996 микрограми на метар кубен.

Најзагадено е во Тетово каде што повеќе часови концентрациите не паднаа под 900 микрограми, а максималната измерена е 996 микрограми. Во Битола во текот на ноќта максималната концентрација достигнала 577. Во Скопје најзагадено ноќеска било во Лисиче со 823 микрограми, Центар 676, Карпош 498 и Гази Баба 446.

Во Кавадарци во текот на ноќта концентрациите ПМ10 изнесувале 264.

Утрово најзагадено е во Тетово со измерени 342 микрограми, во Центар 297, во Лисиче 286, Гази Баба 237, Битола 199 и кавадарци 64 микрограми на метар кубен.скс/са/**08:37**

## Нетпрес - *Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци најзагадени*

Загадување на воздухот и денеска е регистрирано во Тетово, Скопје, Битола и Кавадарци. Концентрациите на ПМ10 измерени во текот на ноќта на мерните станици во овие градови се движат од 264 до 996 микрограми на метар кубен.

## +инфо - *Загадувањето и натаму опасно, виновна е власта*

И покрај тоа што во котлините ја снема тешката магла што беше присутна особено во утринските часови минатата недела, податоците од мерните станици и понатаму покажуваат огромно загадување со отровни честички во воздухот

## MRT2 - *Kuvend–ndotja, akuza e kundërakuza PDSh-BDI*

Rreth ndotjes së ajrit u debatua edhe në seancën parlamentare sot...

## Portalb - Gjendje alarmante me ndotjen në Tetovë, sot bojkotohet mësimi (Foto)

PORTALB
dritare realiteti

FILLIMI MAQEDONI EKONOMI BOTA PRESIDENTI 45 SPORT QENDRIME TECH & AUTO PËR QEJF KË

Fillimi / Maqedoni / Lajme

# Gjendje alarmante me ndotjen në Tetovë, sot bojkotohet mësimi (Foto)

Xh. S. lexuar 423 0 Tetovë 9:06 më 15/12/20



Fabrika - Jugohrom

Lajme lidhur me temën


Peshevski kursen Jugohromin: "ndotja, drutë për djegie"


Osmani dhe Skëndero biseduan për gjetjen e zgjidhjeve për uljen e ndotjes së ajrit nga Jugohromi


Jugohromi i paprekur paditë


Izairi akuzon qeverinë është fajtore për mos mbylljen e "Jugohrom

Natën mes të hënës dhe të martës ndotja e ajrit ka arritur shifra rekorde, ndërsa sektori civil dhe shumë qytetarë bëjnë thirrje për bojkot të mësimit. Gjatë orëve të mesnatës grimcat PM10 kanë arritur 996 mikrogram për metër kub apo 20 herë më shumë se limiti i lejuar. Njëri nga drejtuesit e Shoqatës EcoGuerrila, Arianit Xhaferi ka bërë thirrje që të mos dërgohen të martën fëmijët në shkolla,

"Unë nesër nuk e dërgoj djalin tim në shkollë, në vend të tij do shkoj unë. Ju bëj ftesë dhe prindërve të tjerë që kanë fëmijët në shkollën LIRIA që nesër në ora 13:00 të vijnë para shkollës pa fëmijët dhe të takohemi me autoritetet e shkollës. Është për shëndetin e fëmijëve tanë! Presim nga KOMUNA shpalljen e gjendjes së jashtëzakonshme", ka shkruar Xhaferi në profilin e tij në Facebook.

Thirrje të njëjtë ka bërë edhe Lëvizja "Nëna dhe fëmija".

"Të nderuar vendosem ad hoc të përkrahin idenë dhe iniciativën e qytetarëve për të bojkotuar mësimin nesër për fëmijët tanë. Gjithë ata që kanë femijë në shkollë duhet të përkrahin këtë iniciativë duke mos i dërguar fëmijët në shkollë. Sonte ndotja arriti kulminacionin 996 PM10 dhe akoma jemi në prag të dimrit. Fëmijët tanë nga nesër bojkotojnë mësimin duke mos pranuar të eksponohen në helmim derisa nuk ka masa konkrete nga pushteti lokal dhe qeveritar. Bashkëngjituni edhe ju. Ti themi jo helmimit.", shkruan në thirrjen e Lëvizjes së nënave tetovare, njofton SHENJA. Edhe aktivistë tjerë të shumtë dhe qytetarë të Tetovës kanë adresuar thirrje dhe kritika të rënda ndaj funksionarëve nga rajoni i Tetovës. Ata shprehen të mllefosur me gjendjen e krijuar në Tetovë dhe neglizhencën e autoriteteve për të zgjidhur këtë problem.

Si ndotës kryesor të ajrit ekspertët dhe Instituti i shëndetësisë kanë identifikuar fabrikën "Jugohrom", ndërsa autoritetet qeveritare insistojnë se ajrin e ndotin automjetet dhe drunjtë për djegie.




## Tetova Sot - *ALARM/ Helmi hyn brenda në shtëpitë dhe banesat e tetovarëve*

Ndotja e ajrit në Tetovë, sonte ka kapur majat e helmimit, duke vështirësuar frymarrjen dhe duke krijuar gjendje alarmi tek qytetarët. Siç raportohet helmi ka nisur të hyjë edhe nëpër shtëpi dhe banesa ku rrezikon jetën e qytetarëve.

## INA - [Xhaferi porosi për Izairin: A ke fytyrë o njeri, po na helmohen fëmijët !?]

# Xhaferi porosi për Izairin: A ke fytyrë o njeri, po na helmohen fëmijët !?

Kryetari i Lëvizjes  Eco Guerilla, Arianit Xhaferi ka shprehur shqetësime lidhur me nivelin e lartë të ndotjes.

Ai përmes një reagimi publik në rrjetet sociale ka shprehur akuza të forta në adresë të ministrit të ambientit jetësor Nurhan Izairi, por edhe Abdilaqim Ademit, Xhevat Ademi dhe funksionarëve të tjerë partiak, transmeton INA.

Ja se çfarë shkruan Arianit Xhaferi:

Nurhan Izairi – e di që ti po e lexon këtë ose një nga të afërmit e tu do ta përcjellin si mesazh. A ke fytyrë o njeri? A ke pikë burrërie? Del pastaj dhe ankohesh se Arianiti të paska ofenduar personalisht. A nuk është personale që neve po na helmohen fëmijët, familjet tona? A nuk është personale që vuajmë çdo ditë nga paaftësia jote dhe mungesa e gatishmërisë tënde për të mos bashkëpunuar me të keqen që e pëson dhe familja jote?!

E dimë se s'je aq njeri i keq – por je një ministër që s'bën as pesë pare, je një kukull në duart e partisë e cila të ka nxjerrë në front që të digjesh sa më shumë, e të shpëtojnë ata – Ali Ahmeti, Musa Xhaferi, Abdilaqim Ademi, Xhevat Ademi – e gjithë ajo grupë deputetësh që na marrin votën dhe lejojnë helmimin tonë.

Sa herë ke gënjyer që do e zgjidhësh problemin ose do ikësh? Çfarë hipoteke të mba ngujuar e s'të lejon të luash bishtin? Mos shko pastaj lartë e poshtë tek shoqëria ime të shpifësh se të paskam ofenduar personalisht – sepse ofendimi është më e pakta që mund të bëjmë nga ajo që meritoni. Ju dhe deputetët tuaj e keni vendin në koshin e plehrave, dhe mos u ankoni se ju ofendojmë. Do vijë dita që të përfundoni prapa grilave bashkë me pronarin tuaj – Nikola Gruevskin. Ju jeni vet ndotje. Helmi më i madh jeni ju… Turp!", thuhet në fund të reagimit publik. (INA)

## A1 On - *Жителите на Техеран не треба да излегуваат од домовите заради загадување на воздухот*

# Жителите на Техеран не треба да излегуваат од домовите заради загадување на воздухот

Објавено: 17:07, 14/12/2015 Прегледано: 24 пати.



0 SHARES Facebook Twitter

Поради големото загадување на воздухот во иранската престолнина Техеран и неговата околина властите ги повикаа 14-те милиони жители да останат во нивните домови, пренесоа француските медиуми.

Иранската престолнина денеска беше покриена со дебел слој смог и имаше многу мала видливост. Жителите на градот воопшто не можат да ја видат планинската верига Алборз, која се надвиснува над Техеран.

Денешното загадување на воздухот во иранската престолнина е најголмо од март до сега. Количеството на штетни материи во воздухот за седум пати ја надминува дозволената норма.

Смогот во Техеран е предизвикан од издувните гасови од петте милиони автомобили што се движат низ градот со речиси постојани задржувања. Во текот на зимата загадувањето се зголемува.

Пред една година 400 лица беа примени во болниците низ Техеран заради дигестивни и кардиоваскуларни проблеми, предизвикани од загадувањето на воздухот.

Во 2012 година загадувањето придонесе за предвремена смрт на 4.500 лица во Техеран и на 80.000 лица низ цела земја, покажуваат податоците на иранското Министерство за здравство.

# Факултети - Научниците произведоа рециклирачки биополимер

Fakulteti.mk
сподели знаење, сподели информација

## НАУЧНИЦИТЕ ПРОИЗВЕДОА РЕЦИКЛИРАЧКИ БИОПОЛИМЕР

**Светот, а особено третиот свет и земјите во развој се соочуваат со огромен проблем од искористените пластични производи.**



Овој пластичен отпад кој не е биоразградлив не само што претставува огромна закана за животната средина и климата, туку исто е и токсичен и може да предизвика човечки жртви. Еден хемичар од Државниот универзитет во Колорадо открил начин како да произведува рециклирачки биополимер кој може да го реши проблемот и да се започне со користење на пластичен отпад за производство на рециклиран производ.

Јуџин Чен, од Државниот универзитето во Колорадо експериментирал на мономер Гама-битролактон за да произведе биополимер кој ќе може целосно да се рециклира до оригиналната мономер состојба за повторна употреба.

Со тоа што пластиката е број еден во производство и отпад, во просек, повеќе од 90 килограми синтетички полимери годишно се користат по лице, покажуваат статистичките податоци.

Околу 10 до 20 милиони пластика го пронаоѓаат патот до океаните секоја година што е проценето дека постојат околу 5.25 трилиони пластични делови со тежина од 268.940 тони. Се проценува дека околу 13 милијарди долари се губат поради резултатите од штетата што се прави во екосистемот на океаните од пластичните остатоци.

Во моментот, достапните биопластики како PLA можат да бидат подложени само на делумно термално рециклирање. Во споредба, со користење на реакција на топлината, развиениот биополимер од Чен наречен поли (GBL) може да биде рециклиран до неговата основна форма на мономер.